Аспирации, лидерски вештини и активизам кај студентите Роми

romaversitas

ROMA EDUCATION FUND

Издание на: Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
Скопје, 2017

Автор: Мухамед Ајваз
Коавтор: Сандра Милошевска
Ментор: Билјана Блажевска Стоилковска

Графичко уредување:
ЗПИКС МЕДИА – ДООЕЛ Скопје

Лектура:
Благојка Здравковска-Адамова

Печати: Полиестердеј
Тираж: 30 примероци
Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.654-053.6(=214.58:497.7)(047)
323.25.26-057.8(=214.58:497.7)(047)

АЈВАЗ, Мухамед
Извештај за спроведеното емпириско истражување на тема:
Аспирации, лидерски вештини и активизам кај студентите Роми / Мухамед Ајваз, Сандра Милошевска. - Скопје : Ромаверзитас, 2017. - 25 стр. :
Табели: 28 cm

Библиографија: стр. 25

ISBN 978-608-66086-0-6

1. Ајваз, Мухамед [автор]
а) Роми - Млади - Лидерски вештини - Македонија - Извештаи
б) Роми - Студенти - Граѓански активизам - Македонија - Извештаи

COBISS.MK-ID 103571978

Спроведувањето на ова емпириско истражување беше овозможен со финансиска поддршка од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта, во рамките на проектот „Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“. Содржината во оваа публикација е одговорност на авторите и не ги одразува мислењата и ставовите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ и на РЕФ.

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Врз основа на потребите на студентите Роми во 2001 година е основана Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас како заедничка иницијатива на Фондација Отворено општество – Македонија и на Програмата за поддршка на високото образовавие (HESP) при Институт Отворено општество – Будимпешта.

Во 2005 година Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас финансиски целосно беше поддржана од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Во 2014 година Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ на иницијатива на алумни на Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас и со целосна финансиска и останата поддршка од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Основното делување на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ е во насока на зајакнување на личните, академските и на професионалните вештини и капацитети на студентите Роми во Република Македонија. Преку обезбедувањето лична, академска и професионална поддршка „РОМАВЕРЗИТАС“ прераснува во препознатлив лидер за поддршка и за развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми кои ја застапуваат ромската заедница и активно се вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и национално ниво.

СОДРЖИНА

3 РЕЗИМЕ

4 ВОВЕД

5 МЕТОД

8 РЕЗУЛТАТИ

21 ДИСКУСИЈА

23 ЗАКЛУЧОЦИ

24 ПРЕПОРАКИ

25 БИБЛИОГРАФИЈА

РЕЗИМЕ

Во истражувањево пред вас е наведен испитуваниот степен на изразеност и поврзаноста меѓу активизмот, лидерските вештини и аспирациите кај студентите Роми. Активизмот е дефиниран како подготвеност за вклучување во општествените промени и случувања. Решавањето проблеми, предводењето други, самоорганизирањето, ситуациското расудување, доминантноста, социјалните вештини се јавуваат како индикатори на лидерските вештини. Додека, пак, аспирациите како мотив за постигнување.

Истражувањево овозможува да се добијат сознанија и податоци за степенот на изразеност и поврзаност на испитуваните варијабли кај студентите Роми и може да послужи како основа за понатамошни истражувања во врска со причините и факторите поради кои студентите Роми не се вклучуваат во општествените случувања и промени. Главната претпоставка според која се водевме беше дека со зголемувањето на лидерските вештини, се зголемуваат и тенденциите за вклучување во општествените промени. Потоа, следна претпоставка беше дека со зголемувањето на тенденциите за вклучување во општествените промени се зголемуваат и аспирациите. И на крај, дека со зголемувањето на лидерските вештини се зголемуваат и аспирациите.

Квантитативниот примерок беше составен од 69 испитаници, сите студенти и сите Роми. Додека, пак, квалитативниот дел од истражувањево беше спроведен преку фокус-група во која учествуваа 7 испитаници. Од добиените квантитативни резултати можеме да заклучиме дека кај студентите Роми постои статистички значајна поврзаност меѓу аспирациите и лидерските вештини, како и меѓу варијаблите: активизам и ситуациско расудување. Во однос на дескриптивните податоци не е најдена статистички значајна разлика во однос на полот, видот на студии, градот на студирање и годината на студирање, но, сепак, е пронајден поголем степен на изразеност кај жените спрема мажите, студентите од втора и четврта година во однос на прва и трета година на студирање, Тетово и Скопје, наспрема Штип и општествено-хуманистичките и природно-математички насоки, на-спрема техничките.

Имајќи ги предвид анализата и добиените податоци кај студентите Роми, може да се увиди висок степен на изразеност на аспирациите и лидерските вештини, но и ниска изразеност на подготвеноста за вклучување во општествените случувања и промени, односно активизмот. Сепак, земајќи ја предвид статистички значајната корелација меѓу трите варијабли, зголемени се можностите истовремено да се влијае врз сите три, со зајакнување на една од нив. Согласно со горенаведеното, предложивме неколку препораки до студентите, институциите, невладините организации и до креаторите на младинските политики.

ВОВЕД

Степенот на образование на Ромите е во пораст, но, сепак, вклученоста на студентите Роми во општествените случувања и промени, како и во донесувањето одлуки е понизок од очекуваното. Поради тоа, тема на ова истражување се личните карактеристики што се сметаат за важни во поттикнувањето активности насочени кон добросостојбата на целата заедница. Конкретно, во фокусот се аспирациите, лидерските вештини и активизмот кај студентите Роми. Притоа, е испитана поврзаноста меѓу трите конструкти, односно варијабли.

Всушност, ***аспирациите*** претставуваат силна желба да се постигне одредена цел. Во ова истражување аспирациите беа претставени преку два мотива, мотивот за постигнување и мотивот за моќ. Според Меклиленд, мотивот за постигнување е еден од главните мотиви што го поттикнуваат и го насочуваат човековото однесување. Тој претставува поставување високи цели и стремеж кон тоа тие да се остварат. Додека, мотивот за моќ во моделот на Меклиленд е претставен како потреба за контролирање и за влијаење врз другите. (McClelland,1987).

Лидерството е дефинирано како потенцијал со внатрешни карактеристики, знаења и вештини кои влијаат врз постигнувањето на поставените организациски цели (Lee, Kim., Park & Lee, 2015). Всушност, лидерските вештини во ова истражување се испитани преку мерење на варијаблите: решавање проблеми, предводење други, самоорганизирање, ситуациско расудување, доминантност и социјални вештини. Под варијаблата решавање проблеми се подразбира отстранување на пречките и нудење ефективни решенија за решавање на проблемот, додека под предводење други се подразбира предводење до специфичната цел преку давање совети и пофалби за соработниците со ефективно преговарање. Самоорганизирањето означува само-контролирање и личен развој, преку поставување цели и преку менаџирање на сопственото време за успешно остварување на поставените цели. Ситуациското расудување се однесува на процена на личноста или на ситуацијата со брзо носење одлуки за промовирање или за корекција.

Доминантноста претставува играње важна улога и влијаење врз другите во една организација. Под социјални вештини се подразбира користењето вербална или невербална комуникација за добри односи со другите (Lee, Kim., Park, & Lee, 2015)

Последната варијабла, односно ***активизмот***, најопшто се дефинира како подготвеност за вклучување во општествените промени и случувања. Ова истражување овозможува да се добијат сознанија за степенот на изразеност на лидерските вештини и аспирации кај студентите Роми и на нивната подготвеност да се вклучуваат во општествените случувања и промени. Истражувањево овозможува увид во фактичката состојба и може да послужи како основа за понатамошни истражувања во врска со причините и факторите поради кои студентите Роми не се вклучуваат во општествените случувања и промени. Првата претпоставка според која се водевме беше дека со зголемувањето на лидерските вештини, се зголемуваат и тенденциите за вклучување во општествените промени (X1). Втората претпоставка беше дека со зголемувањето на тенденциите за вклучување во општествените промени се зголемуваат и аспирациите (X2). Последната претпоставка беше дека со зголемувањето на лидерските вештини се зголемуваат и аспирациите (X3).

Испитаници

Во квантитативниот дел на истражувањево е користен пригоден примерок составен од 69 испитаници (од кои 37 машки, 32 женски), сите студенти Роми. Примерокот на испитаници беше избран според однапред определени критериуми (град, факултет, година на студии и пол), а со цел зголемување на степенот на репрезентативноста на примерокот.

Табела 1: Фрекфенција на испитаници според град



Табела 2: Фрекфенција на испитаници според години на студии

Табела 3: Фрекфенција на испитаници според видот на студии



Квалитативниот дел од истражувањево беше спроведен преку фокус-група. Во фокус-групата учествуваа 7 испитаници од ромска етничка припадност (5 машки и 2 женски), и тоа 1 студент од Правниот факултет „Јустинијан Први“, 1 студентка од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, 1 студент од Факултетот за туризам и бизнис-логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, 2 (студент и студентка) од Филозофскиот факултет - Скопје, 1 студент од Криминалистика – Факултет за безбедност – УКЛО и 1 студент од Политички науки и дипломатија – ФОН Универзитет.

Квантитативните податоците се прибирани преку прашалници со проверени психометриски карактеристики. За испитување на лидерските вештини е користена скалата за мерење на потенцијалот на лидерство (Lee, Kim., Park, &Lee, 2015). Од оваа скала се користени супскалите за мерење: вештини за решавање проблеми (5 тврдења), предводење други (4 тврдења), самоорганизирање (4 тврдења), ситуациско расудување (3 тврдења), доминантност (6 тврдења) и социјални вештини (2 тврдења). За мерење на аспирациите е користен прашалникот McClelland's Needs Assessment (McClellandD, 1961). За подготвеноста за вклучување во општествените промени и случувања е користена скалата за активизам.

Тврдењата се оценувани на скала од 1 (Воопшто не се согласувам) до 5 (Сосема се согласувам). Повисок добиен резултат означува поголем степен на изразеност на варијбалата на која што се однесува, т.е. поголема изразеност на вештини за решавање проблеми, предводење други, самоорганизирање, ситуациско расудување, доминантност, социјални вештини, потребата за постигнување и потребата за моќ. Единствено на скалата за активизам, понизок добиен резултат покажува повисоко изразен активизам.

Во целиот процес на истражувањево се внимаваше на етичките правила и строго беа почитувани правата на испитаниците со тоа што им беше загарантирана потполна доверливост и анонимност.

Постапка

Во прибирањето на квантитативните податоци, испитаниците одговараа на прашалник составен од вкупно 43 прашања. Времето за одговарање не беше ограничено, но во просек траеше околу 6 минути. Прибирањето на податоците започна со задавање на прашалникот на студентите Роми кои беа затекнати во просториите и во активностите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС". Потоа, во договор со студентите, организиравме средби во просториите на факултетите на кои студираат, а каде што студентите ги одговараа прашалниците.

Прибирањето на квалитативните податоци се одвиваше преку фокус-група организирана во април 2017 година. Фокус-групата беше снимана на аудиолента со претходна дозвола од испитаниците, на кои им беше објаснето дека по обработката на резултатите записите ќе бидат уништени и дека ќе се преземат неопходните мерки за заштита на нивниот идентитет. Дополнително, им беше објаснето дека користењето на нивните изјави во извештајот ќе се базира на постојните етички правила во истражувањата, односно без откривање на нивниот идентитет.

РЕЗУЛТАТИ

Квантитативни податоци:

За анализа на податоците беа користени постапки од дескриптивната статистика: аритметичка средина, стандардна девијација, минимален и максимален резултат. Примената на овие методи овозможи да се добие увид во степенот на изразеност на активизмот, лидерските вештини: решавање проблеми, предводење други, самоорганизирање, ситуациско расудување, доминантност и социјални вештини. Потребата за постигнување и потребата за моќ кај студентите Роми се вклучени во истражувањево (како показатели на аспирациите). Потоа, со помош на статистичка постапка од инференцијална статистика, се проверени поставените хипотези на истражувањево, односно е пресметан Пирсоновиот коефициент на корелација за да се утврди степенот на поврзаност меѓу варијаблите во истражувањево – активизмот, лидерските вештини и аспирациите. Дополнително, со примена на т-тест за независни групи испитани се разликите во поглед на овие варијабли кај студентите од различен пол, со различен град на студирање и од различен вид студии.

N

Max

SD

F

Sig

M

Min

Табела 1: Дескриптивни статистики за варијаблите во истражувањево

	Потреба за постигнување	Потреба за моќ	Решавање проблеми	Предводење други	Самоорганизирање	Ситуациско расудување	Доминантност	Социјални вештини	Активизам
N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
M	4.42	4.08	4.01	4.3	4.25	4.07	3.58	4.36	2.69
SD	.38	.48	.51	.54	.59	.71	.74	.64	.55
Min	3.20	3.00	2.80	2.50	2.50	2.00	1.83	2.52	1.56
Max	5.00	5.00	5.00	5.00	5.00	5.00	5.00	5.00	3.78

Легенда:

N – број на испитаници **M – аритметичка средина** **SD – стандардна девијација**

Min – минимално постигнат резултат **Max – максимално постигнат резултат**

Во табелата 1 се прикажани основните статистички показатели за варијаблите во истражувањево, односно за лидерските вештини, аспирациите и за активизмот.

За да може да се прави споредба меѓу мотивот за постигнување и мотивот за моќ, како и меѓу различните лидерски вештини, првобитните резултати како показатели на нивниот степен на изразеност се трансформирани резултати изразени на скалата од 1 до 5. Како што покажува горенаведената табела, аритметичките средини (M) како показатели на просечната изразеност на варијаблите се движат од 4.08 за варијаблата потреба за моќ до 4.42 за варијаблата потреба за постигнување. Од 3.58 за варијаблата доминантност до 4.36 за варијаблата социјални вештини како индикатори на лидерските вештини. Додека, пак, аритметичката средина (M) на варијаблата активизам изнесува 2.69. Притоа, најголема варијабилност (SD) на резултатите има кај варијаблата доминантност (SD=.74), а, пак, најмала дисперзија е добиена за варијаблата потреба за постигнување (SD=.38).

Доколку се земе предвид скалата од 1 (најнизок степен на поседување на варијаблата) до 5 (највисок степен на поседување на варијаблата), може да се констатира дека студентите покажуваат исклучително висока тенденција кон постигнување (M=4.42; SD=0.38) и високо изразена потреба за моќ (M=4.08; SD=0.48), како и висок степен на изразеност на социјални вештини (M=4.36; SD:0.64), самоорганизирање (M=4.25; SD:0.59) и вештини за предводење други (M=4.3; SD:0.54). Испитаните студенти покажуваат умерено изразени вештини за доминантност (M=3.58; SD:0.74). Учесниците во истражувањево соопштуваат умерена подготвеност за вклучување во општествените случувања и промени, односно тенденција кон активизам (M=2.69; SD:0.55).

Табела 2: Степен на изразеност на потребата за постигнување, потребата за моќ, лидерските вештини и активизмот според пол

		N	M	SD	T	SIG
Потреба за постигнување (аспирации)	Жени	32	4.42	.42	.1	.38
	Мажи	37	4.42	.34	.1	
Потреба за моќ (аспирации)	Жени	32	4.06	.47	-.3	.58
	Мажи	37	4.1	.51	-.3	
Решавање проблеми (лидерски вештини)	Жени	32	4.1	.43	1.34	.1
	Мажи	37	3.93	.56	1.37	
Предводење други (лидерски вештини)	Жени	32	4.34	.59	.55	.75
	Мажи	37	4.26	.51	.54	
Самоорганизирање (лидерски вештини)	Жени	32	4.30	.55	.67	.25
	Мажи	37	4.21	.62	.67	
Ситуациско расудување (лидерски вештини)	Жени	32	4.2	.73	1.38	.91
	Мажи	37	3.96	.68	1.37	
Доминантност (лидерски вештини)	Жени	32	3.50	.77	-.88	.7
	Мажи	37	3.66	.71	-.88	
Социјални вештини (лидерски вештини	Жени	32	4.39	.62	.43	.61
	Мажи	37	4.32	.65	.43	
Активизам	Жени	32	2.58	.61	-1.67	.18
	Мажи	37	2.8	.48	-1.64	

Легенда:

N – број на испитаници M – аритметичка средина SD – стандардна девијација

t – мерки добиени на т-тест користен за наоѓање статистички значајна разлика меѓу варијаблите

Sig (significant level) – ниво на значајност на добиените резултати

Според добиените резултати, нема статистички значајна разлика меѓу мажите и жените во поглед на варијаблите потреба за постигнување (t(67)=.1,p>.05) и потреба за моќ (t(67)=-.3, p>.05). Исто така, нема значајна разлика во однос на варијаблите: решавање проблеми (t(67)=1.34, p>.05) предводење други (t(67)=.55, p>.05), самоорганизирање (t(67)=.67, p>.05), ситуациско расудување (t(67)=1.38, p>.05), доминантност (t(67)=-.88, p>.05) и социјални вештини (t(67)=.43, p>.05). Резултатите и анализата покажаа дека нема статистички значајна разлика меѓу студентите и студентките во поглед на варијаблата активизам (t(67)=-1.67, p>.05). Сепак, иако не е статистички значајна разликата, во поглед на аспирациите и лидерските вештини, може да се забележи нивна поголема изразеност кај студентките во однос на студентите. Исклучок постои кај варијаблите потреба за моќ и доминантност како лидерска вештина. Најдена е и нешто поизразена подготвеност за вклучување во општествените промени кај студентите од машки пол во споредба со студентите од женски пол.

Табела 3: Степен на изразеност на потребата за постигнување, потребата за моќ, лидерските вештини и активизмот според градот на студирање

		N	M	SD	Min	Max	F	Sig
Потреба за постигнување (аспирации)	Скопје	51	4.44	.39	3.20	5.00	.88	.42
	Тетово	9	4.47	.24	4.20	4.80		
	Штип	9	4.27	.39	3.60	4.80		
	Вкупно	69	4.42	.38	3.20	5.00		
Потреба за моќ (аспирации)	Скопје	51	4.06	.54	3.00	5.00		
	Тетово	9	4.29	.20	4.00	4.60		
	Штип	9	3.98	.27	3.60	4.40		
	Вкупно	69	4.08	.48	3.00	5.00	1.07	.35
Решавање проблеми (лидерски вештини)	Скопје	51	4.07	.48	3.00	5.00		
	Тетово	9	4.20	.28	3.80	4.60		
	Штип	9	3.51	.60	2.80	4.40		
	Вкупно	69	4.01	.51	2.80	5.00	5.96	.00
Предводење други (лидерски вештини)	Скопје	51	4.38	.54	2.50	5.00		
	Тетово	9	4.19	.41	3.50	4.75		
	Штип	9	3.94	.54	3.00	4.75		
	Вкупно	69	4.3	.54	2.50	5.00	2.75	.07
Самоорганизирање (лидерски вештини)	Скопје	51	4.28	.63	2.50	5.00		
	Тетово	9	4.39	.4	3.75	4.75		
	Штип	9	3.97	.49	3.25	4.50		
	Вкупно	69	4.25	.59	2.50	5.00	1.32	.27
Ситуациско расудување (лидерски вештини)	Скопје	51	4.13	.71	2.00	5.00		
	Тетово	9	4.18	.70	3.00	5.00		
	Штип	9	3.63	.61	3.00	4.67		
	Вкупно	69	4.07	.71	2.00	5.00	2.12	.13
Доминантност (лидерски вештини)	Скопје	51	3.56	.74	1.83	4.67		
	Тетово	9	3.93	.70	2.83	5.00		
	Штип	9	3.41	.77	2.17	4.67		
	Вкупно	69	3.58	.74	1.83	5.00	1.27	.29
Социјални вештини (лидерски вештини)	Скопје	51	4.43	.59	2.50	5.00		
	Тетово	9	4.39	.7	3.00	5.00		
	Штип	9	3.89	.7	3.00	5.00		
	Вкупно	69	4.36	.64	2.50	5.00	2.95	.06
Активизам	Скопје	51	2.66	.57	1.56	3.78		
	Тетово	9	3.07	.52	2.44	3.78		
	Штип	9	2.53	.26	2.00	3.00		
	Вкупно	69	2.7	.55	1.56	3.78	2.76	.70

Легенда:

N – број на испитаници M – аритметичка средина SD – стандардна девијација

Min – минимално постигнат резултат Max – максимално постигнат резултат

Sig (significant level) – ниво на значајност на добиените резултати F – проверка на АНОВА-тестот

Според добиените резултати, меѓу студентите кои студираат во тритеграда Скопје, Тетово и Штип, нема статистички значајни разлики во поглед на варијаблите: потреба за постигнување ($F(2, 66)=.88$, $p>0.05$) потреба за моќ($F(2, 66)=1.07$, $p>0.05$), решавање проблеми ($F(2, 66)=5.96$, $p>0.05$), предводење други ($F(2, 66)=2.75$, $p>0.05$), самоорганизирање ($F(2, 66)=1.32$, $p>0.05$), ситуациско расудување ($F(2, 66)=2.12$,$p>0.05$), доминантност ($F(2, 66)=1.27$, $p>0.05$), социјални вештини ($F(2, 66)=2.95$,$p>0.05$) и активизам ($F(2, 66)=2.76$, $p>0.05$). Иако разликата статистички не е значајна, може да се забележи малку поголем степен на изразеност на варијаблите: потреба за постигнување ($M=4.47$, $SD=0.24$), потреба за моќ ($M=4.29$;$SD=0.20$), решавање проблеми ($M=4.20$; $SD=0.28$), самоорганизирање ($M=4.39$; $SD=.40$), ситуациски расудување ($M=4.18$; $SD=0.70$) доминантност ($M=3.93$; $SD=0.70$), активизам ($M=3.07$; $SD=0.52$) кај студентите кои студираат во градот Тетово, а во споредба со студентите кои студираат во Скопје и во Штип. Студентите, пак, од Скопје имаат малку повисока тенденција кон предводење и покажуваат нешто поизразени социјални вештини од нивните колеги од другите два града.

Табела 4: Степен на изразеност на потребата за постигнување, потребата за моќ, лидерските вештини и активизмот според години на студии

		N	M	SD	Min	Max	F	Sig
Потреба за постигнување	Прва година	20	4.37	.31	3.80	4.80		
	Втора година	19	4.48	.38	3.60	5.00		
	Трета година	19	4.37	.46	3.20	5.00		
	Четврта година	11	4.49	.32	4.00	4.80		
	Вкупно	69	4.42	.38	3.20	5.00	.54	.66
Потреба за моќ	Прва година	20	3.99	.49	3.00	4.80		
	Втора година	19	4.11	.48	3.00	5.00		
	Трета година	19	4.06	.52	3.00	5.00		
	Четврта година	11	4.24	.45	3.40	4.80		
	Вкупно	69	4.08	.48	3.00	5.00	.63	.60
Решавање проблеми	Прва година	20	3.92	.58	3.00	5.00		
	Втора година	19	4.14	.53	3.20	5.00		
	Трета година	19	3.95	.48	2.80	4.60		
	Четврта година	11	4.07	.41	3.40	4.60		
	Вкупно	69	4.01	.51	2.80	5.00	.74	.54
Предводење други	Прва година	20	4.24	.48	3.00	4.75		
	Втора година	19	4.33	.63	2.50	5.00		
	Трета година	19	4.21	.56	3.00	5.00		
	Четврта година	11	4.50	.46	3.50	5.00		
	Вкупно	69	4.3	.54	2.50	5.00	.76	.51
Самоорганизирање	Прва година	20	4.32	.48	3.50	5.00		
	Втора година	19	4.29	.67	2.50	5.00		
	Трета година	19	4.07	.69	2.50	5.00		
	Четврта година	11	4.39	.38	4.00	5.00		
	Вкупно	69	4.25	.59	2.50	5.00	.95	.42
Ситуациско расудување	Прва година	20	3.85	.75	2.33	5.00		
	Втора година	19	4.21	.79	2.00	5.00		
	Трета година	19	4.14	.67	3.00	5.00		
	Четврта година	11	4.12	.48	3.33	5.00		
	Вкупно	69	4.07	.71	2.00	5.00	.98	.41

Доминантност	Прва година	20	3.59	.72	2.33	5.00		
	Втора година	19	3.54	.8	2.17	5.00		
	Трета година	19	3.57	.72	2.17	4.50		
	Четврта година	11	3.68	.78	1.83	4.50		
	Вкупно	69	3.58	.74	1.83	5.00	.09	.96
Социјални вештини	Прва година	20	4.25	.77	3.00	5.00		
	Втора година	19	4.60	.59	3.50	5.00		
	Трета година	19	4.21	.61	2.50	5.00		
	Четврта година	11	4.36	.39	4.00	5.00		
	Вкупно	69	4.36	.64	2.50	5.00	1.52	2.17
Активизам	Прва година	20	2.66	.65	1.56	3.78		
	Втора година	19	2.81	.59	1.67	3.67		
	Трета година	19	2.62	.43	2.00	3.78		
	Четврта година	11	2.71	.53	2.11	3.56		
	Вкупно	69	2.7	.55	1.56	3.78	.39	.76

Легенда:

N – број на испитаници **M – аритметичка средина** **SD – стандардна девијација**

Min – минимално постигнат резултат **Max – максимално постигнат резултат**

Sig (significant level) – ниво на значајност на добиените резултати

F – проверка на АНОВА-тестот

Според податоците од табелата 4 нема статистички значајна разлика меѓу студентите од различните години на студии во поглед на варијаблите: потреба за постигнување ($F(3,65)=.54$, $p>0.05$), потреба за моќ ($F(3,65)=.63$, $p>0.05$), решавање проблеми ($F(3,65)=.74$, $p>0.05$), предводење други ($F(3,65)=.76$, $p>0.05$), самоорганизирање ($F(3,65)=.95$, $p>0.05$), ситуациско расудување ($F(3,65)=.98$, $p>0.05$), доминантност ($F(3,65)=.09$, $p>0.05$), социјални вештини ($F(3,65)=1.52$, $p>0.05$) и активизам ($F(3,65)=.39$, $p>0.05$). Сепак, наодите покажуваат дека студентите од 4. година на студии покажуваат нешто поголема тенденција кон постигнување ($M=4.49$; $SD=0.32$), потреба за моќ ($M=4.24$; $SD=0.45$), предводење други ($M=4.5$; $SD=0.46$), самоорганизирање ($M=4.39$; $SD=0,38$) и доминантност ($M=3,68$; $SD=0,78$). Додека, пак, студентите од 2. година во однос на другите, покажаа поголема изразеност на варијаблите: решавање проблеми ($M=4.14$; $SD=0.53$), ситуациско расудување ($M=4.21$; $SD=0.79$), социјални вештини ($M=4.60$; $SD=0.59$) и активизам ($M=2.81$; $SD=0.59$).

Табела 5: Степен на изразеност на потребата за постигнување, потребата за моќ, лидерските вештини и активизмот според видот на студии

		N	M	SD	Min	Max	F	Sig
Потреба за постигнување	Општествено-хуманистички Науки	47	4.45	.34	3.60	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.38	.5	3.20	4.80		
	Технички науки	5	4.32	.23	4.00	4.60		
	Вкупно	69	4.42	.38	3.20	5.00	.40	.67
Потреба за моќ	Општествено-хуманистички Науки	47	4.12	.47	3.00	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.02	.51	3.40	5.00		
	Технички науки	5	3.88	.58	3.00	4.60		
	Вкупно	69	4.08	.48	3.00	5.00	.72	.49
Решавање проблеми	Општествено-хуманистички Науки	47	4.02	.47	3.00	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.06	.62	2.80	5.00		
	Технички науки	5	3.80	.55	3.00	4.40		
	Вкупно	69	4.01	.51	2.80	5.00	.49	.61
Предводење други	Општествено-хуманистички Науки	47	4.31	.54	2.50	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.46	.46	3.50	5.00		
	Технички науки	5	3.6	.45	3.00	4.25		
	Вкупно	69	4.3	.54	2.50	5.00	4.76	.012
Самоорганизирање	Општествено-хуманистички Науки	47	4.37	.52	2.50	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.13	.57	3.25	5.00		
	Технички науки	5	3.60	.88	2.50	4.75		
	Вкупно	69	4.25	.59	2.50	5.00	4.76	.012
Ситуациско расудување	Општествено-хуманистички Науки	47	4.08	.74	2.00	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.24	.61	3.00	5.00		
	Технички науки	5	3.47	.38	3.00	4.00		
	Вкупно	69	4.07	.71	2.00	5.00	2.38	.10

Доминантност	Општествено-хуманистички Науки	47	3.66	.76	1.83	5.00		
	Природно-математички науки	17	3.47	.69	2.17	4.33		
	Технички науки	5	3.30	.74	2.50	4.33		
	Вкупно	69	3.58	.74	1.83	5.00	.79	.46
Социјални вештини	Општествено-хуманистички Науки	47	4.40	.62	3.00	5.00		
	Природно-математички науки	17	4.26	.56	3.00	5.00		
	Технички науки	5	4.20		2.50	5.00		
	Вкупно	69	4.36	.67	2.50	5.00	.45	.64
Активизам	Општествено-хуманистички Науки	47	2.7	.59	1.56	3.78		
	Природно-математички науки	17	2.72	.51	1.67	3.56		
	Технички науки	5	2.62	.28	2.44	3.11		
	Вкупно	69	2.7	.55	1.56	3.78	.06	.94

Легенда:

N – број на испитаници **M – аритметичка средина** **SD – стандардна девијација**

Min – минимално постигнат резултат **Max – максимално постигнат резултат**

Sig (significant level) – ниво на значајност на добиените резултати

F – проверка на АНОВА-тестот

Од табелата 5 може да се види дека нема статистички значајна разлика меѓу студентите со различен вид на студии во поглед на варијаблите: потреба за постигнување (F(2.66)=.40, p>0.05), потреба за моќ (F(2.66)=.72, p>0.05), решавање проблеми (F(2.66)=.49, p>0.05), предводење други (F(2.66)=4.76, p>0.05), самоорганизирање (F(2.66)=4.76, p>0.05), ситуациско расудување (F(2.66)=2.38, p>0.05), доминантност (F(2.66)=.79, p>0.05), социјални вештини (F(2.66)=.45, p>0.05) и активизам (F(2.66)=.06, p>0.05). Сепак, од наодите може да се забележи дека студентите на општествено-хуманистичките науки покажуваат малку поголема тенденција кон варијаблите: потреба за постигнување (M=4.45; SD=0.34), потреба за моќ (M=4.12; SD=0.47), самоорганизирање (M=4.37; SD=0.52), доминантност (M=3,66; SD=0.76) и социјални вештини (M=4.40; SD=0.62). Од друга страна, студентите од природно-математичките науки година во однос на другите, покажаа поголема изразеност на варијаблите: решавање проблеми (M=4.06; SD=0.62), предводење други (M=4.46; SD=0.46), ситуациско расудување (M=4.24; SD=0.61) и активизам (M=2.72; SD=0.51).

Табела 6: Коефициенти на корелација меѓу варијаблите во истражувањево (N=69)

		Потреба за постигнување (аспирации)	Потреба за моќ	Решавање проблеми	Предводење други	Самоорганизирање	Ситуациско расудување	Доминантност	Социјални вештини	Активизам
Потреба за постигнување (аспирации)	Pearson Correlation	1	,46**	,43**	,55**	,49**	,29*	,48**	,33**	-.12
Потреба за моќ (аспирации)	Pearson Correlation	,46**	1	,47**	,42**	,45**	,29*	,37**	.12	.13
	Sig. (2-tailed)	.00		.00	.00	.00	.02	.00	.35	.28
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
Решавање проблеми (лидерски вештини)	Pearson Correlation	,43**	,47**	1	,58**	,56**	,63**	,38**	,41**	.06
	Sig. (2-tailed)	.00	.00		.00	.00	.00	.00	.00	.64
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
Предводење други (лидерски вештини)	Pearson Correlation	,55**	,42**	,58**	1	,61**	,45**	,40**	,50**	-.08
	Sig. (2-tailed)	.00	.00	.00		.00	.00	.00	.00	.51
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
Самоорганизирање (лидерски вештини)	Pearson Correlation	,49**	,45**	,56**	,61**	1	,42**	,42**	,41**	-.09
	Sig. (2-tailed)	.00	.00	.00	.00		.00	.00	.00	.46
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69

Ситуациско расудување (лидерски вештини)	Pearson Correlation	,29**	,29**	,63**	,45**	,42**	1	,27*	,33**	,26**
	Sig. (2-tailed)	.02	.02	.00	.00	.00		.03	.00	.03
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
Доминантност (лидерски вештини)	Pearson Correlation	,48**	,37**	,38**	,40**	,42**	,26**	1	,24*	.13
	Sig. (2-tailed)	.00	.00	.00	.00	.00	.03		.04	.27
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
Социјални вештини (лидерски вештини)	Pearson Correlation	,32**	.12	,41**	,50**	,41**	,33**	,24**	1	-.07
	Sig. (2-tailed)	.01	.35	.00	.00	.00	.00	.04		.55
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69
Активизам	Pearson Correlation	-.12	.133	.06	-.08	-.09	,26*	.13	-.07	1
	Sig. (2-tailed)	.32	.28	.64	.51	.46	.03	.27	.55	
	N	69	69	69	69	69	69	69	69	69

Забелешка: *значајно на ниво 0.05, **значајно на ниво 0.01,

Од табелата 6 се гледа дека кај студентите Роми кои учествуваа во истражувањево постои статистички значајна и позитивна поврзаност на потребата за постигнување со варијаблите: решавање проблеми (r=.43, p<.01), предводење други (r=.55, p<.01), самоорганизирање (r=.49, p<.01), ситуациско расудување (r=.29, p<.05), доминантност (r=.48, p<.01), социјални вештини (r=.32, p<.01). Тоа покажува дека студентите кои имаат посилно изразена потреба за постигнување, имаат и поизразени лидерски вештини за решавање проблеми, предводење други, самоорганизирање, ситуациско расудување, доминантност и за социјални вештини.

Дојдено е до сознанието дека потребата за моќ има значајна и позитивна корелација со лидерските вештини: решавање проблеми (r=.47, p<.01), предводење други (r=.42, p<.01), самоорганизирање (r=.45, p<.01), ситуациско расудување (r=.29, p<.05), доминантност (r=.37, p<.01).

Резултатите покажуваат дека постои статистички значајна поврзаност на активизмот со варијаблата ситуациско расудување (r=.26, p<.05). Според тоа, со зајакнување на лидерската вештина за социјално расудување, се зголемува и подготвеноста за учество во општествените промени, односно активизмот.

КВАЛИТАТИВНИ ПОДАТОЦИ

На почетокот на дискусијата се разговараше за тоа колку студентите се подготвени да се вклучуваат во општествените случувања. Сите учесници се согласија дека подготвеноста на студентите да се вклучуваат во општествените случувања е мала, особено како поединци. Тоа можеме да го увидиме од следниве изјави:

„Јас мислам дека не се подготвени, бидејќи важиме за плашлив народ"
(студент, 21 година)

„И јас сметам дека студент Ром, поединец, нема храброст да покрене таква иницијатива"
(студент,20 години)

„Јас сметам дека имаме голем капацитет и потенцијал кој никако не се искористува"
(студентка, 22 години).

Добивме изјави дека иако мало, сепак, најзначајно вклучување има во политичкиот, приватниот и во невладиниот сектор.

Следно ги запрашавме учесниците колку студентите Роми се вклучени во прашања кои ја засегаат ромската заедница. Одговорите најчесто беа дека вклучувањето е слабо и се укажува на желбата и иницијативата за промена, но и на пречките кои имаат инхибиторно дејство. Учесниците сметаа дека актуелната политичка состојба не е поволна за вклучување во општествените активности бидејќи се забележуваат потенцијални ризици.

Следната пречка која ја наведоа студентите беше разединетоста на ромскиот народ и давање предност на личните наспроти колективните интереси. За оваа тема еден учесник изјави:

„Пасивноста на младите Роми произлегува од тоа што повеќе сакаат да си ги остварат своите лични цели, а не целите на заедницата, како група Роми."
(студент, 21 година).

Исто така, попречувачки ефекти имаат и стравот од дискриминација, немањето поддршка и немањето профит.

Следно, ги запрашавме студентите за тоа со кои механизми сметаат дека ќе се зголеми вклученоста на студентите Роми во општествените случувања и во прашањата за ромската популација. Генерално, одговорите беа дека е потребна финансиска поткрепа, но и добри водачи кои ќе ги насочуваат активностите во вистинска насока.

„Според мене ако се дадат пари, финансиски ако се поткрепат, ќе се подобри"
(студент, 21 година)

„Да имаат некој што ќе ги води, а не само така 'еве ти, ајде'."
(студент, 22 години).

Следни предлози беа засилувањето на ромскиот идентитет, чувството на припадност во заедницата, поттикнувањето на лидерството кај младите Роми.

„Да се поттикне лидерството бидејќи треба да се создадат нови лидери за да се водат тие групи"
(студент, 22 години) , и основање заедничко тело од подмладоците на политичките партии.

„За политичката ситуација можеби ќе помогне ако се формира едно тело од подмладоците на политичките партии, ромските политички партии и во соработка со невладини организации да се решаваат некои локални проблеми, на пр. проблемот со 9 и 19 (автобуси)“
(студент, 20 години).

По ова, ги запрашавме кои би биле чекорите со кои би ги реализирале своите предлози. Особен акцент беше даден на засилувањето на чувството на припадност во заедницата. Учесниците сметаа дека за да се спроведе тоа би требало да измине многу време и да се внимава на воспитувањето на следните генерации. Ова го заклучуваме од следниве изјави:

„За да се спроведе овој предлог во практиката треба време, треба следните генерации кои ќе доаѓаат, како мајката ќе ги раѓа, така таткото да седне и да ги воспитува во тој дух.

Значи ние сме Роми, треба да се обединиме... Мислам дека треба така со воспитувањето.“
(студентка, 22 години);

„Ако имам јас постар брат и тој се бори за заедницата, тој ќе ми послужи како пример. И после мојот помал брат кога ќе порасне, а ме гледа мене како активист и тој ќе сака да биде како мене. И ќе си продолжи така“
(студент, 22 години).

Потоа ги прашавме дали би се вклучиле самите во такви програми. Генерално, учесниците потврдија дека би се вклучиле во вакви програми, а како еден од начините за постигнување финансиски бенефит и за вклучување во заедницата го гледаат волонтирањето:

„Волонтерството е еден начин за ова. Особено во последно време кога е и со закон регулирано, па се платени и хранарина и превоз. За млад човек сосема е доволно.“
(студентка, 21 година).

ДИСКУСИЈА

Претпоставките на почетокот на истражувањево беа дека постои поврзаност меѓу активизмот, лидерските вештини и аспирациите кај студентите Роми и беа поставени следниве хипотези:

1.Со зголемувањето на лидерските вештини се зголемуваат тенденциите за вклучување во општествените промени (активизам).

2.Со зголемувањето на лидерските вештини се зголемуваат и аспирациите.

3.Со зголемувањето на тенденциите за вклучување во општествените промени се зголемуваат и аспирациите.

Генерално, резултатите од истражувањево ја поддржуваат само хипотезата која тврди дека ***постои значајна поврзаност*** меѓу потребата за постигнување и сите испитувани лидерски вештини. Исто така, постои ***статистички значајна поврзаност*** меѓу потребата за моќ и сите лидерски вештини со исклучок на социјалните вештини. Дојдено е до сознанието дека постои статистички значајна поврзаност на активизмот со варијаблата ситуациско расудување. Според тоа, со зајакнување на вештините за процена на различни ситуации, се зголемува и подготвеноста за учество во општествените промени, односно во различни ситуации или случувања во социјалната средина.

Доколку ги погледнеме дексриптивните резултати, можеме да забележиме ***висок степен на изразеност на аспирации и лидерски вештини кај студентите Роми и мала просечна изразеност на активизмот.*** Ваквите резултати ни укажуваат на тоа дека студентите Роми поседуваат лидерски вештини, желба за постигнување високи резултати и тенденција за доминација, но, воедно, сметаат и дека умерено се подготвени за вклучување во општествените случувања и за поттикнување промени во средината. Ваквите наоди упатуваат на тоа дека студентите Роми покажуваат особини кои се важни за вклучување во општествените случувања и за поттикнување промени во средината. Истовремено, може да се заклучи и дека изразеноста на овие персонални карактеристики се основа за личен успех во професијата и во други аспекти од животот.

Од друга страна, резултати што ги добивме со спроведувањето на квалитативното истражување покажуваат малку поинаква ситуација. Односно, одговорите од испитаниците укажаа на низа фактори кои би можеле да бидат бариера во нивната подготвеност да се вклучат во промени: стравот кој е присутен кај младите, очекувањето дека друг треба да преземе иницијатива, разединетоста, личните постигнувања како приоритет, наместо колективните, недоволно зајакнатиот ромски идентитет и недоволната вклученост во волонтерски активности.

Во однос на надворешните фактори кои придонесуваат за недоволната подготвеност за вклучување во општествените случувања и промени, испитаниците ги изнесоа следниве: дискриминацијата, недоволната поддршка од институциите и недоволно финансиски средства.

Во однос на дескриптивните резултати во поглед на степенот на изразеност на варијаблите, ***не е добиена статистички значајна разлика*** меѓу студентите од различен пол. Доколку се анализираат податоците, може да се увиди поголем степен на изразеност кај студентките во однос на студентите, иако минимален, во поглед на варијаблите: потреба за постигнување, потреба за моќ, решавање проблеми, предводење други, самоорганизирање, ситуациско расудување и социјални вештини.

Ова ни укажува на тоа дека е неопходен еднаков пристап во градењето на капацитетите на студентите Роми од различен пол, како и во давањето еднакви можности за предводење и за извршување значајни функции без разлика на полот.

Резултатите покажуваат дека ***нема статистички значајна разлика*** меѓу студентите од различните години на студии, град на студирање и вид на студии во поглед на варијаблите. Иако, дел од овие појави беа малку поизразени кај студентите од 2. и 4. година, кај студентите од градот Тетово, како и кај студентите од општествено-хуманистичките науки и од природно-математички науки. Како и претходно, според резултатите, треба да се има предвид дека е неопходен еднаков пристап во однос на зајакнување на лидерските вештини, аспирациите и подготвеноста за вклучување во општествените случувања и промени, односно активизмот, без разлика на годината на студии, градот на студии и видот на студии.

Потребно е и давање еднаков број можности за сите студенти за вработување, за предводење јавна или приватна институција, односно организација, бидејќи според истражувањево не постои статистички значајна разлика во изразеноста на аспирациите, лидерските вештини и активизмот, како едни од клучните фактори за успешно раководење.

Недостатоци на истражувањево

Можен недостаток на ова истражување е примерокот на студенти. Тој е пригоден, не е формиран по случаен избор, туку според достапноста на студентите во моментот на прибирање на податоците. Од друга страна, примерокот доволно е голем, содржи 69 испитаници од вкупно 168 студенти Роми, формиран врз основа на критериуми за да се обезбеди поголема репрезентативност, односно да се опфатат студенти од различни градови, од различен вид на студии и од сите студиски години.

Сугестии за понатамошни истражувања

Податоците од ова истражување можат да бидат користени како основа и како мотив за идни истражувања кои ќе опфатат нови аспекти на проблемот и потенцијално нови решенија. Се препорачува вклучување поголем број студенти од другите градови и факултети каде што има запишани студенти Роми.

ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените податоци во спроведеното истражување може да се увиди дека кај студентите Роми има висок степен на изразеност на аспирациите и лидерските вештини, но и просечна изразеност на подготвеноста за вклучување во општествените случувања и промени, односно активизмот.

Имено, од спроведеново истражување може да се заклучи дека кај студентите Роми постои поврзаност меѓу нивните поставени цели и стремежи кон нив за да се остварат со решавање проблеми, предводење други, самоорганизирање, ситуациско расудување, доминантност и социјални вештини. Утврдено е и дека испитаните студенти Роми поседуваат вештини за: поставување цели и менаџирање на сопственото време, отстранување на пречките и нудење решенија за проблемот, предводење до специфичната цел, процена на личноста или ситуацијата со брзо носење одлуки за промовирање или корекција, влијание врз другите и користење вербална или невербална комуникација за добри односи со другите.

Заклучено е и дека студентите Роми поседуваат особини кои се важни за вклучување во општествените случувања и за потикнување промени. Сепак, кај нив се застапени ставови, навики и состојби кои се поврзани со нивната подготвеност за вклучување во промени. Покрај тоа, постојат и надворешни фактори и состојби кои имаат поврзаност со нивната подготвеност за вклучување во општествените промени и случувања.

Последно, од резултатите во спроведеново истражување може да се заклучи дека нема значајни разлики во аспирациите, лидерските вештини и во активизмот меѓу студентите од машки и женски пол, студентите од различни градови на студирање, со различен вид на студии и од различни години на студии.

ПРЕПОРАКИ

Препораките во ова истражување ќе бидат насочени кон релевантните фактори на состојбите поврзани со аспирациите, лидерските вештини и со активизмот.

Препораки за студентите:

• Поголема доверба во сопствените способности, која ќе овозможи делумно да се отстрани чувството дека некој друг, а не самите студенти Роми, треба да преземаат иницијативи за општествените промени.
• Поголема вклученост во волонтерски активности за да се даде придонес во однос на волонтерската работа, која придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на младите во општествениот живот.
• Поголема насоченост и давање приоритет за колективните постигнувања наспроти личните.
• Поголема насоченост кон тимска работа, заснована на доверба, соработка и на емпатија.

Препораки за институциите:

• Поголема вклученост на студентите Роми во донесувањето одлуки, особено оние кои ја засегаат ромската заедница.
• Повеќе можности за практикантство во јавните институции.
• Еднаков пристап кон студентите Роми како и кон сите други.

Препораки за граѓанскиот сектор:

• Спроведување неформално образовни активности за поттикнување на активизмот кај студентите.
• Организирање настани за зајакнување на идентитетот и на чувството на припадност кај студентите Роми.
• Обезбедување финансиска поддршка за иницијативи за решавање локални проблеми на заедницата.
• Поголемо вклучување на студентите Роми во управните тела на организациите во кои ќе можат да го покажат својот потенцијал

БИБЛИОГРАФИЈА

1. *Lee, S. Kim, H. Park, S. Lee, S. (2015) Preliminary Development Of A Scale To Measure Leadership Potential. Psychological Reports: Employment Psychology & Marketing 117(1), 51-71.*

2. *McClealand, D. (1987). Human motivation. New York, Cambridge University Press*

romaversitas

ROMA EDUCATION FUND